Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-602/2
24.12 2024 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК
**за критериумите, општите и специфичните услови**
**и постапката за избор во звања на**
## Бреинстер Некст Скопје

Врз основа на член 112 и 165 од Законот за високото образование на Република Македонија (Сл. весник бр.82/2018) и согласно со член 37 и 119 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст Скопје), и во врска со Одлуката за измена на Правилникот за критериумите, општите и специфичните услови и постапката за избор во звања на Бреинстер Некст бр. 08-602/1 Наставничкиот Совет на својата 39 седница одржана на 24.12.2024 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за критериумите, општите и специфичните услови
## и постапката за избор во звања на
# Бреинстер Некст Скопје

## СОДРЖИНА


**1. ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ** 3

**2. ОПШТИ ОДРЕДБИ** 3

**3. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА** 4

3.1. Критериуми за избор во наставни звања 4

3.2. Критериуми за избор во наставно-стручни звања - лекторски звања 6

3.3. Критериуми за избор во звање стручен соработник 6

3.4. Критериуми за избор на демонстратор 7

**4. ПОСТАПКА И НАЧИН ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА** 7

4.1. Конкурс за избор 7

4.2. Рокови за избор во повисоко звање, односно за повторен избор во звање 8

4.3. Рокови за кои се вршат изборите 8

4.4. Рецензентска комисија 8

4.5. Одлучување за избор 10

4.6. Лица кои не се избрани 11

4.7. Предвремено престанување на изборот и дисциплинска постапка поради неизвршување на педагошките обврски 12

4.8. Учество на афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници 13

**5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ** 13

**АНЕКС: ФОРМУЛАР – РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** 14

## 1. Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат криериумите и постапката за избор во наставни звања, наставно-стручни звања, соработнички звања и демонстратори на Бреинстер Некст Скопје.

## 2. Општи одредби

**Член 2**

Наставната и научно-истражувачката дејност на Бреинстер Некст Скопје ја остваруваат лица избрани во наставно-научни, научни, наставни звања, наставно-стручни звања, насловни звања, соработнички звања и демонстратори.

Високообразовна дејност може да вршат само лица избрани во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни звања, насловно звање, соработничко звање и демонстратори, експерти од практиката за периодот за кој се избрани.

Високообразовна дејност за прв циклус на студии, втор циклус на студии и трет циклус - докторски студии може да врши лице избрано во научно звање, односно соработничко звање согласно со одредбите од Законот за научно- истражувачка дејност, според еквивалентноста на звањето утврдени со Законот за високото образование.

**Член 3**

На седница на наставничкиот совет на Бреинстер Некст Скопје, лицата се избираат во наставни звања: предавач, виш предавач и професор, кои се избираат за наставно-научна, односно уметничка област утврдена со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународната фраскатиева класификација).

**Член 4**

На Бреинстер Некст Скопје може да се избираат и лица во лекторски звања: лектор и виш лектор за изведување на настава по јазик.

Лицата избрани во наставно-стручно звање лектор и виш лектор се должни да ги извршуваат педагошките обврски.

Под педагошки обврски се подразбира реализација на настава и вежби, одржување на консултации на студенти, одржување испити, вршење менторство на студенти, посочување на основна литература, реализација на административните обврски и слично.

Лектор и Виш лектор можат да бидат носители на предмет од областа на лекторската настава и наставата по предметите за странски јазици, доколку се предвидени во студиските програми.

**Член 5**

На високообразовната установа се избираат соработници во соработнички звања: асистент, стручен соработник (лаборант), и демонстратор.
Соработниците може да се избираат и за работа на проекти за времето додека трае проектот. Соработниците учествуваат во наставно-образовниот процес под менторство на предметниот наставник.
Високообразовната установа и асистентот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

**Член 6**

На Бреинстер Некст Скопје, се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии.
Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии.
За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).
За демонстратор на студиски програми од интегриран прв и втор циклус може да биде избран студент кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).
Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на истата високообразовна установа. Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма. Високообразовната установа и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

## 3. Критериуми за избор во звања

**Член 7**

Критериуми за избор во наставни, наставно-стручни, и соработнички звања се:
1. стекнато образование,
2. резултати од научно-истражувачка работа и
3. резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок,
4. стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност.

Врз основа на критериумите од ставот (1) на овој член, се уредуваат општите и посебните услови за избор во наставни, наставно-стручни, и соработнички звања.

### 3.1. Критериуми за избор во наставни звања

**Член 8**

Елементи кои се земаат предвид за избор на лице во звање **Предавач** и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на рецензентската комисија се:

- има завршено втор циклус на академски студии од научната област во која се

избира,

- има стекнато назив магистер од соодветната област,
- покажува способност за наставна и високостручна работа,
- има објавени стручни трудови
- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно и
- има повеќегодишно успешно искуство во работите од својата струка
- има позитивна оценка од самоевалуацијата.

Елементи кои се земаат предвид за избор на лице во звање **Виш предавач** и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на рецензентската комисија се:

- завршено втор циклус на академски студии,
- има стекнато назив магистер од соодветната област,
- има објавени поголем број научни, односно стручни трудови,
- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно и
- покажало способност за наставна и високостручна работа по изборот за предавач на висока стручна школа
- има позитивна оценка од самоевалуацијата.

Елементи кои се земаат предвид за избор на лице во звање **професор** и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на рецензентската комисија се:

- научен степен доктор на науки,
- објавени научни и стручни трудови по изборот за виш предавач на висока стручна школа,
- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно и
- покажало способност за наставна и високостручна работа по изборот за виш предавач на висока стручна школа.
- има позитивна оценка од самоевалуацијата.

**Член 9**

Со конкурсот за избор на наставник во наставно звање може да се пропишат и повисоки критериуми и стандарди и/или дополнителни критериуми специфични за конкретното работно место и/или областа за која се врши изборот, доколку се утврди дека има потреба од повеќегодишно специфично работно искуство (стручно-апликативна работа, експертски активности, студиски престои на меѓународни високообразовни установи, водење и/или учества на научни или стручно-апликативни проекти, учества во рецензентски комисии на зборници и публикации од меѓународни научно-истражувачки конференции и сл).

## 3.2. Критериуми за избор во наставно-стручни звања - лекторски звања

### Член 10

За лектор може да биде избрано лице кое:

- има завршено студии од втор циклус на академски студии,
- има стекнато назив магистер од соодветната област,
- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно и
- покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа

За виш лектор може да биде избрано лице кое:

- има завршено студии од втор циклус на академски студии,
- има стекнато назив магистер од соодветната област,
- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно,
- има наставно и стручно искуство во областа во која се избира,
- било претходно избрано за лектор на високообразовна установа и
- има објавено научни и стручни трудови во областа во која се избира.

## 3.3. Критериуми за избор во звање стручен соработник

### Член 11

За стручен соработник може да биде избрано лице кое:

- има завршено прв циклус на академски студии со најмалку 240 ЕКТС кредити од соодветната област,
- има искуство во струката од најмалку три години,
- има познавање на еден странски јазик кое кандидатот го докажува со потврда за познавање на јазикот или ако студиите од прв и/или втор циклус биле следени на тој странски јазик,
- покажува способност за наставна работа, наставно-научна, односно наставно-уметничка дејност.

### 3.4. Критериуми за избор на демонстратор

**Член 12**

За демонстратор може да биде избрано лице кое е:

- студент на втор или трет циклус на студии.
- има завршено прв циклус на студии со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).
- покажува афинитети за наставна работа, наставно-научна, односно наставно-уметничка дејност.

За демонстратор на студиски програми од интегриран прв и втор циклус може да биде избран студент кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).

Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на истата единица. Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма и склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

## 4. Постапка и начин за избор во звања

### 4.1. Конкурс за избор

**Член 13**

Одлука за покренување постапка за распишување конкурс за избор во наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Бренстер Некст Скопје, донесува наставничкиот совет по предлог на директорот најмалку 6 (шест) месеци пред истекот на времето за кое се избрани.

Врз основа на донесената одлука од став 1 од овој член, Бреинстер Некст објавува конкурс.

**Член 14**

Изборот во наставни, наставно-стручни и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс објавен во дневните јавни гласила.

Конкурсот не смее да биде со времетраење пократко од пет работни дена од денот на објавувањето.

Конкурсот за избор во наставни односно наставно-стручни звања и засновање на работен однос се распишува за избор во сите наставнички односно наставно-стручни звања.

Конкурсот за избор во соработнички звања и засновање на работен однос се распишува за избор во определено соработничко звање.

Конкурсот треба да ги содржи: наставно-научната област за која се избира лицето утврдена со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународната фраскатиева класификација), видот на работниот однос, општите услови, посебните услови (доколку се утврди потреба) за избор во звање, бројот на извршители,

документацијата која кандидатите треба да ја доставаt, рокот во кој треба да се доставаt пријавите со документацијата, адресата за доставување на пријавите, траењето на конкурсот.

**Член 15**

Постапката по конкурсот за избор во наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Бреинстер Некст трае најмногу 6 (шест) месеци, сметано од денот на објавување на јавниот конкурс во дневен печат.

Рокот од ставот (1) на овој член не тече во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

Доколку постапката не заврши во предвидениот рок од став 1 на овој член, таа се запира и се распишува нов конкурс.

## 4.2. Рокови за избор во повисоко звање, односно за повторен избор во звање

**Член 16**

Постапката за избор во звање започнува најмалку 7 (седум) а најдоцна 6 (шест) месеци пред истекот на времето за кое лицето било избрано во наставно, наставно-стручно и соработничко звања по службена должност на директорот кој распишува конкурс за избор во сите наставни, наставно-стручни, за избор во соработничко звање асистент, односно за избор на стручен соработник.

Времето за распишување на конкурсот од ставот (1) на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи.

## 4.3. Рокови за кои се вршат изборите

**Член 17**

Предавач и виш предавач се избираат за време од пет години.
Професор на висока стручна школа со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето професор доживотно.
Лектор и виш лектор се избираат за време од четири години.
Асистент и се избира за време од три години, со право на уште еден избор во истото звање на иста високообразовна установа.
тручен соработник се избира за време од три години, со право на реизбор неограничен број пати.

## 4.4. Рецензентска комисија

### Член 18

Рецензентската комисија ја формира наставничкиот совет во рок не подолг од 30 дена од денот на завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

Предлог за формирање на рецензентска комисија дава директорот.

Рецензентската комисија се состои најмалку од 3 (три) члена. Членовите на рецензентската комисија можат да бидат од наставниот кадар на Бреинстер Некст Скопје, кадешто се врши изборот, и од други високообразовни и научни установи кои вршат високообразовна дејност во земјава.

Врз основа на реципроцитет, член на рецензентска комисија, под истите услови определени со Законот за високото образование и овој Правилник, може да биде и наставник од акредитирана високообразовна установа од странство со која Бреинстер Некст има склучено спогодба за меѓусебна соработка.

Членовите на рецензентската комисија не можат да бидат во пониски звања од звањето за кое се избира кандидатот.

### Член 19

Членови на рецензентска комисија можат да бидат и пензионирани лица во наставно-научното звање редовен професор, кои ги исполнуваат условите од овој Правилник.

### Член 20

Повеќе од половина од членовите на рецензентска комисија ја сочинуваат лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања од истата наставно-научна, односно уметничка област во која се избира кандидатот, а другите членови можат да бидат од сродна наставно-научна, односно уметничка област.

### Член 21

Рецензентската комисија до наставничкиот совет поднесува реферат за сите пријавени кандидати и предлага еден од кандидатите кој ги исполнува условите за избор во звање и го предлага звањето во кое може да биде избран.

### Член 22

Рецензентската комисија е должна да поднесе писмено изработен реферат во рок од три месеци од денот на нејзиното формирање.

Доколку рецензентската комисија не поднесе реферат во рокот утврден во претходниот став, се формира нова рецензентска комисија.

Предлог за формирање на нова рецензентска комисија поднесува директорот.

**Член 23**

Рецензентската комисија предлогот за избор на кандидатот го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Ако рецензентската комисија нема предлог, согласно со претходниот став, за тоа го известува наставничкиот совет за да се спроведе постапка за избор на нова рецензентска комисија.

**Член 24**

Рефератот на рецензентска комисија се составува според Формуларот даден во Анекс на овој Правилник.

Рецензентската комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на целокупната поднесена документација која е од важност за изборот.

Рефератот се објавува на македонски јазик во билтен и на веб страницата на Бреинстер Некст Скопје, најмалку 15 дена пред денот на изборот.

**Член 25**

Доколку постои издвоено мислење на член на рецензентска комисија по предлогот за избор на кандидатот, мислењето, заедно со рефератот, се објавува во билтен на Бреинстер Некст Скопје.

**Член 26**

Ако на конкурсот се пријават кандидати кои не ги исполнуваат условите за избор во соодветното звање, Наставничкиот совет го констатира неисполнувањето на условите и му ги враќа документите на кандидатот.

**Член 27**

Во рок од 15 дена од денот на објавувањето на рефератот во билтен, заинтересираните лица (учесници во постапката, наставно-научни работници и соработници од Бреинстер Некст и од соодветна наставно- научна област на други високообразовни установи) можат да поднесат приговор на објавените реферати за избор во наставни и наставно-стручни звања.

**Член 28**

Приговорот се доставува до рецензентска комисија преку директорот.

Рецензентската комисија дава одговор на приговорот во рок од осум дена.

Приговорот и одговорот на приговорот се објавуваат во билтен и се доставуваат до наставничкиот совет (8) осум дена пред одлучувањето по рефератот за избор во соодветно звање.

**Член 29**

Доколку рецензентската комисија утврди дека приговорот е злонамерен или со него се повредува достоинството на учесниците во постапката или на рецензентите, или се навредува јавниот морал, за објавувањето на приговорот одлучува директорот.

## 4.5. Одлучување за избор

**Член 30**

Наставничкиот совет изборот на кандидатите во наставно, наставно-стручно и соработничко звање го врши доколку се присутни две третини од редот на професорите, вишите предавачи и предавачите на високата стручна школа.

Наставникот е избран ако добие мнозинство гласови од професорите, вишите предавачи и предавачите на Бреинстер Некст.

При изборот на наставни и наставно –стручни звања не учествуваaат асистентите, помлади асистенти и студентите, членови на Наставничкиот совет.

**Член 31**

При изборот на наставникот односно соработникот во повисоко звање, ако канидатот не го добие потребното мнозинство, повторно се гласа за избор во истото звање во кое се наоѓа. На наставниците и соработници кои не се избрани во повисоко звање, односно реизбрани во истото звање, им престанува работниот однос.

**Член 32**

Наставничкиот совет одлучува за изборот по предлог на рецензентската комисија.

Ако рецензентската комисија има негативна рецензија или ако наставничкиот совет не изврши избор, се распишува нов конкурс.

## 4.6. Лица кои не се избрани

**Член 33**

Лицата кои се одбиени на распишаниот конкурс имаат право на приговор до наставничкиот совет во рок од осум дена од денот на известувањето за одлуката на наставничкиот совет.

Наставничкиот совет во рок од 15 дена по доставувањето на приговорот, формира комисија од три члена од соодветната област во која лицето претходно било избрано, со задача да даде одговор по наводите на приговорот. Член на оваа комисија не може да биде член на рецензентската комисија по чиј реферат наставничкиот совет одлучувал.

Комисијата од претходниот став на овој член, во рок од 8 дена, доставува извештај до наставничкиот совет по наводите на приговорот. Наставничкиот совет, во рок од 15 дена по поднесувањето на извештајот на комисијата одлучува во согласност со овој Правилник.

**Член 34**

Наставничкиот совет, приговорот на лицето го разгледува заедно со извештајот на комисијата по приговорот.

**Член 35**

Доколку наставничкиот совет го одбие приговорот, лицето има право на жалба до Одборот на директори, во рок од осум дена по приемот на одлуката од наставничкиот совет.

**Член 36**

Одборот на директори, во рок од 30 дена од поднесувањето на жалбата на лицето од претходниот член, формира комисија од три члена од професори/редовни професори од истата или сродна наставно-научна, односно уметничка област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа.

Комисијата, во рок од 15 дена, поднесува извештај до Одборот на директори со оцена за изборот и со образложен предлог.

Комисијата може да предложи лицето да биде избрано во звањето во кое претходно било избрано, да предложи избор во звањето за кое лицето конкурирало или да предложи да се прифати одлуката на наставничкиот совет.

Одлуката на Одборот на директори се донесува со мнозинство гласови од бројот на присутните членови на Одборот на директори. Одлуката на Одборот на директори е конечна.

## 4.7. Предвремено престанување на изборот и дисциплинска постапка поради неизвршување на педагошките обврски

**Член 37**

На лицето избрано во наставно, наставно – стручно и соработничко звање може да му престане работниот однос пред истекот на времето за кое е избрано под услови и постапка уредени со Законот за високото образование, Статутот на Бреинстер Некст и овој Правилник.

Против лицето избрано во наставно, наставно – стручно и соработничко звање се покренува дисциплинска постапка ако не ги извршува своите педагошки обврски, а особено ако се утврди дека неоправдано не ја реализира наставата, односно вежбите за студентите.

На образложен предлог на директорот, наставничкиот совет во рок од 8 дена формира дисциплинска комисија.

Дисциплинската комисија е составена од тројца наставници од соодветната или сродна област. Комисијата е должна во рок од 8 дена од формирањето да достави извештај до директорот.

Директорот во рок од 8 дена од добивањето на извештајот донесува Решение за изрекување на парична казна во висина од 10% до 30 % од едномесечниот износ од нето-платата што му е исплатена во месецот пред извршувањето на дисциплинскиот

престап, во траење од три до шест месеци.

Ако на лицето од став 3 од овој член му се изречени две дисциплински мерки во текот на една академска година или три дисциплински мерки во текот на последните две академски години, на истиот му престанува работниот однос.

Решение за престанок на работниот однос донесува директорот.

**Член 38**

Иницијатива за предвремено престанување на изборот може да покрене директорот, или орган на внатрешна организациска единица на која и припаѓа наставникот односно соработникот.

**Член 39**

Образложената иницијатива од претходниот член ја разгледува наставничкиот совет на Бреинстер Некст.

Ако наставничкиот совет ја прифати иницијативата, формира комисија составена од три наставника, од кои два се од сродна наставно-научна област во која е избран кандидатот со задача да изготви реферат за лицето за кое се бара предвремено престанување на изборот.

Комисијата најдоцна во рок од 90 дена од нејзиното формирање го поднесува рефератот до Наставничкиот совет на Бреинстер Некст Скопје.

**Член 40**

Рефератот за предвремено престанување на изборот се објавува во Билтенот на Бреинстер Некст Скопје.

Лицето за кое се води постапката за предвремен престанок на изборот, има право на приговор до органот кој одлучувал за престанокот во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

Органот кој одлучува за престанокот на изборот во рок од 15 дена донесува одлука по приговорот.

Незадоволниот кандидат има право на жалба преку органот кој одлучувал по приговорот, до Одборот на директори во рок од 8 дена од приемот на одлуката од органот кој одлучувал по приговорот за престанок на изборот.

Одборот на директори во рок од 30 дена од приемот на жалбата и комплетното досие, формира комисија од три члена, составена од наставници од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа.

Комисијата во рок од 30 дена од формирањето, поднесува реферат во кој дава оценка за изборот.

Одборот на директори донесува одлука со мнозинство гласови од присутните.

Одлуката од Одборот на директори е конечна.

## 4.8. Учество на афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници

Член 41

Заради презентирање на научните достигнувања, афирмираните научници, истакнати стручњаци од практиката и стопанството и од општествените дејности и уметници, на покана, можат да учествуваат во изведувањето на одделни задачи од наставно-научните дисциплини, на начин и под услови определени со Статутот на Бреинстер Некст Скопје.

Како афирмирани научници, истакнати стручњаци од практиката и уметници на Бреинстер Некст, може да се изберат лица кои исполнуваат еден од следните услови:

- Имаат завршено втор степен односно магистерски студии во наставно-научното подрачје во кое ќе учествуваат во изведување на настава и најмалку 3 години работно искуство во подрачјето на новите науки и технологии, односно информатички технологии, компјутерска наука, податочна наука, вештачка интелегенција и користење на софтвери за софтверско инженерство, дигитален дизајн, дигитален маркетинг и други високотехнолошки науки и нови технологии односно најмалку 7 години работно искуство во останати подрачја или
- Имаат завршено високо образование во наставно-научното подрачје во кое ќе учествуваат во изведување на настава и најмалку 4 години работно искуство во подрачјето на новите науки и технологии, односно информатички технологии, компјутерска наука, податочна наука, вештачка интелегенција и користење на софтвери за софтверско инженерство, дигитален дизајн, дигитален маркетинг и други високотехнолошки науки и нови технологии односно најмалку 10 години работно искуство во останати подрачја или
- Најмалку 5 години работно искуство во подрачјето на новите науки и технологии, односно информатички технологии, компјутерска наука, податочна наука, вештачка интелегенција и користење на софтвери за софтверско инженерство, дигитален дизајн, дигитален маркетинг и други високотехнолошки науки и нови технологии односно најмалку 12 години работно искуство во останати подрачја.

# 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 42**

Спроведување на овој Правилник е под надзор на директорот и лицето надлежно за водење на постапката за избори на Бреинстер Некст Скопје.

**Член 43**

За сите прашања кои не се опфатени со овој Правилник, важат одредбите на Законот на високото образование и Статутот на Бреинстер Некст Скопје.

**Член 44**

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето. Правилникот да се достави до одборот на директори, директорот, до членовите на НС, службата за човечки ресурси, и до архивата на Бреинстер Некст Скопје.

**Бреинстер Некст Скопје**

**Наставнички Совет**

**Директор**

**М-р Анја Марија Макеска**

**АНЕКС: ФОРМУЛАР – РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

## РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ___________НА САМОСТОЈНАТА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА БРЕИНСТЕР НЕКСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Наставничкиот Совет на Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст, објавен во весниците _______ и ________ од ______ година, за избор на наставник во сите наставни звања во наставно-научната област (дисциплина) ___________, и врз основа на Одлуката на наставничкиот совет, бр. _________, донесена на __________, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р ____________, _________ на _____________________, д-р ____________, _________ на _____________________ и д-р ____________, _________ на _____________________.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставни звања во наставно-научната област ___________, во предвидениот рок се пријави/-ја _________________.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот ___ м-р /д-р_________ е роден на ______, во ______. Средно образование завршил во _______ на _______. Со високо образование се стекнал на __________, на ________ година. Дипломирал на ______ година, со просечен успех ________. Кандидатот активно се служи со __________ јазик. Во учебната _______ се запишал на втор циклус (магистерски) студии на ___________. Студиите ги завршил на _________ година, со просечен успех ____. На ______ година го одбранил магистерскиот труд на тема: _____________________. Докторска дисертација пријавил на ________ година на __________. Дисертацијата на тема: ____________ ја одбранил на ______ година, пред Комисија во состав: ______________________________. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област _____________. На ________ година е избран во звањето ________ на _________ во областа ________. Во моментот е ангажиран __________.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАСТАВНА И ВИСОКОСТРУЧНА РАБОТА, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во рамките на наставно-образовната дејност, _______, кандидатот м-р _____________ изведува ___________ (настава, вежби, теренска настава, итн.) на _______ циклус студии на студиската програма __________ и на ___________.

Кандидатот бил ментор на ___ дипломски и на ___ специјалистички трудови.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на ___ дипломски, ___ специјалистички, ___ магистерски трудови и на ________ докторски дисертации.

Кандидатот е автор на рецензиран учебник под наслов _______________.

Научноистражувачка дејност/ Стручно-уметничка дејност

М-р ______________ има објавено вкупно ____ научни трудови од ______ област, од кои __ научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), ___ трудови, во меѓународни научни списанија, ___ трудови во меѓународни научни публикации и ________ трудови во зборници од научни собири.

М-р _____________ бил раководител на ___ национални, односно ___ меѓународни научни проекти. Бил национален координатор на ____ меѓународни научни проекти, а учествувал како член во _______ научни проекти.

Кандидатот бил ментор на ___ магистерски и ___ докторски трудови.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р ______ активно е вклучен во стручно-апликативната работа на _________. Врши стручна ___________.

Кандидатот м-р ________ остварил експертски активности во_____________, _____ програми за ____________ и __ елаборат за __________.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во ___________.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при _______:

· Комисија за _______________;

· Работна група за ________.

Во изминатиот период, м-р ________________ учествувал во изготвување и пријавување на ___________научни, _____ стручно-апликативни проекти на и ____ развојни проекти.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот ________, на ________ година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на __________.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р ___________.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р ___________ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето _______________ во наставно-научната област __________.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст во Скопје, м-р __________ да биде избран во наставното звање _______________ во наставно-научната област _____________.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. ----------------------------------
2. ------------------------------------
3. --------------------------------------